РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
**„Димитар Влахов“**
0102-399/2

20.08.2021г.
**ШТИП**


ООУ"Димитар Влахов" Штип

ул. „Џемал Биједиќ“ 9-А
Штип
тел./фах : 032 / 392-964
e-mail: ou_dimitar_vlahov_stip@yahoo.com


# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ Штип

**2018/2019 – 2020/2021**

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

**СОДРЖИНА** **СТР.**

**1. Податоци за училиштето** ........................................................................................................... 3

**2. Вовед во извештајот од самоевалуацијата** .................................................................................. 4

**3. Област на вреднување 1:** Организација и реализација на наставата и учењето ................................ 5
**4. Област на вреднување 2:** Постигањето на учениците.................................................................... 9
**5. Област на вреднување 3:** Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар ....................................................................................................11
**6. Област на вреднување 4:** Управување и раководење.................................................................. 12
**7. Област на вреднување 5:** Комуникации и односи со јавноста....................................................... 14
**8. Област на вреднување 6:** Училишна клима и култура................................................................. 15
**9. Област на вреднување 7:** Соработка со родителите и локалната средина...................................... 17

**10. Педагошки тим и координатори** ......................................................................................18

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2019-2021 година** |
| **Вид на училиштето:** | **Основно општинско училиште** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Штип** |
| **Наставен јазик:** | **Македонски јазик** |
| **Претседател на Училишен одбор:** | **Маја Костова** |
| **Директор на училиштето:** | **Миле Младеновиќ** |
| **Адеса на училиштето:** | **Џемал Бједиќ 9-А Штип** |
| **Телефон:** | **032/392-964** |
| **e-mail:** | **ou_dimitar_vlahov_stip@yahoo.com** |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

**ВОВЕД ВО ИЗВЕШТАЈОТ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО**

**Самоевалуацијата на училиштето се спроведе врз основа на Законот за основно образование, Индикаторите за квалитет на работата на училиштето изготвени од Министерството за образование и науки и Државен просветен инспекторат.**

Самоевалуацијата на училиштето се изработува со цел да се направи детален преглед и анализа на работењето на училиштето, напредокот и постигнувањата во изминатиот период. Од анализите стануваат видливи силните страни и квалитетите, како и слабостите и можностите за напредок. Дефинирањето на силните и слабите страни во работата е основа за планирање на идните чекори и мерки за подобрување на квалитетот во работата на училиштето, кои детално ќе бидат разработени во програмата за развој на училиштето. Самоевалуацијата ја дава општата насока во која треба да се ангажираат учесниците во воспитно-образовниот процес, увид во расположливите капацитети, како и преглед на приоритетните области во кои треба да се делува за да се оствари крајната цел. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е да се работи на отстранување на недостатоците и намалување на бројот на слаби страни и задржување и зајакнување на силните страни и квалитетите.

По извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени целокупната работа на училиштето со оцена Многу добро . Оваа оцена е изведена од добиените оцени во сите седум подрачја кои ја отсликуваат работата на училиштето во посебните области.

**Област 1: Организација и реализација на наставата и учењето**
**Област 2: Постигнувања на учениците**
**Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар**
**Област 4: Управување и раководење**
**Област 5: Комуникации и односи со јавноста**
**Област 6: Училишна клима и култура**
**Област 7: Соработка со родителите и локалната средина**

ООУ „Димитар Влахов" Штип

## Област 1: Организација и реализација на наставата и учењето
## Ниво на евалуација: Многу добро

| Област1: „ Организација и реализација на наставата и учењето “ | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **1.1. Реализација на наставните планови и програми** | **Многу добро** |
| **1.2 Квалитет на наставните планови и програми** | **Добро** |
| **1.3 Воннаставни активности** | **Добро** |
| **1.4 Планирања на наставниците** | **Многу добро** |
| **1.5 Наставен процес** | **Многу добро** |
| **1.6 Искуства на учениците од учењето** | **Добро** |
| **1.7 Задоволување на потребите на учениците** | **Многу добро** |
| **1.8 Оценувањето како дел од наставата** | **Добро** |
| **1.9 Севкупна грижа за учениците** | **Многу добро** |
| **1.10 Здравје** | **Добро** |
| **1.11 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | **Многу добро** |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| Област: „Организација и реализација на наставата и учењето“ |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Во рамките на стручните активи наставниците посетуваат отворени часови, дискутираат за актуелни и тековни програми и проектни активности и разменуваат искуства и идеи<br>✓ Во планирањата редовно се интегрираат содржини со примена на ИКТ во наставта, Еко стандарди и МИМО активности<br>✓ Во планирањата се вметнати и оценувањето и самооценувањето како и домашните задачи<br>✓ Изборот на изборен предмет кој ќе се изучува во некое од одделенијата се извршува по пат на анкета пополнета од родител на секој ученик<br>✓ Наставниците работат тимски и разменуваат искуства со други стручни активи, како и со активи од други училишта<br>✓ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците<br>✓ Училиштето соработува со невладини организации и поддршка од локалната самоуправа, медиумите, МОН и БРО<br>✓ Дневните подготовки кои наставниците ги прават секојдневно ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот<br>✓ Следењето на квалитетот на планирањата го вршат стручните соработници и директорот на училиштето два пати во текот на едно полугодие, а потоа се вршат консултации со секој наставник, со цел да се подобри планирањето<br>✓ Распоредот на часови го изготвува наставник од училиштето, во консултации со стручните соработници и наставниците. Притоа се води сметка за искористеност на просторните капацитети, изедначување на бројот на часови меѓу паралелките заради застапеноста на изборните предмети во редовната настава<br>✓ Наставниците користат разновидни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>✓ Користат добро испланирани методи за да работат со учениците индивидуално, во помали групи, во пар или со цела паралелка<br>✓ Во училиштето владее и се негува позитивна атмосфера, отворена комуникација и конструктивно решавање на проблемите<br>✓ Стручните соработници реализираат стручно-консултативни средби со наставниците, советодавна работа |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

со учениците, соработка и советодавна работа со родители и индивидуални разговори со родителни на деца со потешкотии во прилагодувањето, социјализацијата, учењето, дисциплината, редовноста и совладувањето на наставната програма

- ✓ Учениците се анимираат за активно вклучување во училишниот живот, преку активностите на одделенските заедници и преку работата на Ученичката заедница
- ✓ Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување преку „Дете правобранител“
- ✓ Училиштето поседува Куќен ред кој е истакнат во ходниците на училиштето и кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите, а со него се запознаени сите структури директно и индиректно вклучени во него
- ✓ Раководителите на паралелките го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки
- ✓ Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат образовните потреби на учениците, а пречките во процесот на учење на секој ученик се идентификуваат систематски
- ✓ При увид на поголем број ученички досиеја, може да се увиди дека наставниците, оценувањето го вршат преку разни форми и методи и ги применуваат стандардите за оценување
- ✓ Учениците разговараат на одделенски час за оценувањето и нивните постигања, како и тоа дека самите се вклучени во самооценувањето
- ✓ Учениците се осигурани преку осигурителна компанија во случај на повреда
- ✓ Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се наводнуваат и одржуваат
- ✓ Редовно се врши систематски и санитарен преглед на вработените во училиштето
- ✓ Училиштето планира и реализира програма за професионална ориентација на учениците од IX одделение.
- ✓ Стручната служба е обучена да им помогне на учениците или родителите (во ситуации на семејно насилство, семејна негрижа, развод, болест во семејството, постконфликтни ситуации) и да ги упати на релевантни институции

**Клучни слаби страни:**

- Мал дел од наставниците посетуваат разни семинари и обуки за осовременување на наставните програми
- Не задоволува вклученоста на родителите во одделни подрачја и сфери од воспитно - образовната работа на училиштето, како што е и можноста за нивното влијание врз начинот на реализација на наставните план и програми
- Понекогаш се наидува на проблем во воспоставувањето на контакт со родители посебно на ученици од ромската популација и покрај сите заложби од страна на наставникот и стручните соработници (телефонско јавување, писмена покана, домашна посета и др. форми)
- Незадоволително е присуството на родителите на родителски средби на која се изнесува и образложува оценката за секој ученик по секој предмет

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

- Недоволна самоиницијативност на родителите да се вклучат во образованието на своите деца
- Според Правилникот за оценување и напредување на учениците мал дел од наставниците не се раководат според истиот
- Прозорите немаат функционална улога во однос на загревањето на просториите на училиштето и проветрување на истите
- Вратите на повеќе простории се дотраени и е потребна поправка или замена
- Поради немање на партнер училиште, недостасува реализација на МИМО активности надвор од училиштето

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

**Област 2: Постигнувања на учениците**
**Ниво на евалуација: Многу добро**

| Област 2: „Постигнувања на учениците “ | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **2.1 Постигнувања на учениците** | **Многу добро** |
| **2.2. Задржување/осипување на учениците** | **Многу добро** |
| **2.3 Повторување на учениците** | **Добро** |
| **2.4 Следење на напредокот на учениците** | **Многу добро** |

| Област: „ Постигнувања на учениците “ |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Училиштето располага со податоци и инструменти за следење на постигањата на учениците по етничка припадност, по пол, предмети и квалификациски периоди<br>✓ Има развиено систем на активности за идентификација на учениците со потешкотии и оние кои се истакнуваат во учењето<br>✓ Има развиен систем на активности за следење на редовноста на учениците и ги открива причините за нередовното посетување на настава и презема соодветни мерки<br>✓ Учество на учениците на општински,регионални и државни натпревари ,постигнување на врвни резултати и нивно јавно промовирање и истакнување во училиштето<br>✓ Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби и инклузијата на деца кои се надвор од воспитно –образовниот процес во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба<br>✓ Истакнува ученик на генерација секоја година од редот на завршното IX одделение<br>✓ Училиштето ја почитува постапката за уредно водење на педагошката евиденција и документација при премин на учениците од едно во друго училиште и навремено ги доставува потребните информации |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| |
|---|
| ✓ Родителите се известени за напредокот на учениците за секој квалификационен период<br>✓ Бројот на ученици кои го повторуваат одделението од година во година се намалува |
| **Клучни слаби страни:** |
| - Недоволна соработка од страна на родителите за почеста комуникација со одделенските раководители и другите наставници<br>- Интересот кај учениците за додатна и дополнителна настава кај учениците во предметна настава е помал за разлика кај учениците во одделенска настава<br>- Незадоволително присуството на родителите на родителските средби на кои се истакнува и<br>- образложува напредувањето на секој ученик<br>- Голем број на изостаноци од ученици-Роми кои одат на сезонска работа со своите родители |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

## Област 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар

## Ниво на евалуација: Добро

| Област 3: „ Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководниот кадар “ | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **3.1 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **Многу добро** |
| **3.2 Следење на потребите на наставниот кадар** | **Добро** |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| Област: „ Постигнувања на учениците “ |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Стручен и квалитетен наставен кадар во согласност со нормативот за наставен кадар<br>✓ Кај наставниот кадар постои континуиран интерес и желба за постојано стручно доусовршување<br>✓ Уредно се евидентира секаков професионален развој на семинари и обуки<br>✓ Наставниот кадар има портфолија во кои постојано се ажурираат податоците<br>✓ Се врши практична размена на искуства меѓу наставниците<br>✓ Редовно и навремено се врши дисеминација на обуките од страна на координаторите на обуките во присуство на сите наставници |
| **Клучни слаби страни:** |
| - Потреба од посета на семинари и обуки преку кои ќе се поттикне ефективната работа на наставниците<br>- Мал дел од наставниците би учествувале на конференции, семинари или обуки каде е потребно самофинансирање за професионалниот развој<br>- Училиштето обезбедува само делумна финансиска поддршка за посета на обуки |

## Област 4: Управување и раководење
## Ниво на евалуација: Многу добро

| Област 4: „ Управување и раководење “ | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето** | **Многу добро** |
| **4.2 Цели и креирање на училишната политика** | **Добро** |
| **4.3 Развојно планирање** | **Многу добро** |
| **4.4 Сместување и просторни капацитети** | **Многу добро** |
| **4.5 Наставни средства и помагала** | **Добро** |
| **4.6 Финансиско работење на училиштето** | **Многу добро** |

| Област: „ Управување и раководење “ |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Работата на УО е транспарентна, како и одлуките се достапни за сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес<br>✓ Раководниот орган успешно ја делегира, води и организира тимската работа на вработените<br>✓ Донесува одлуки и го поттикнува професионалниот однос меѓу сите структури во училиштето<br>✓ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето<br>✓ Инволвираност на наставниците во обуки и семинари, нивна дисеминација<br>✓ Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, родители, институции<br>✓ Наменско користење на буџетските и материјалните средства<br>✓ Изнаоѓање на алтернативни начини и патишта за обезбедување на дополнителни финансиски средства за |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

подобрување на работата на училиштето

- ✓ Развојниот план на училиштето опфаќа различни форми на стручно усовршување и е предвиден за сите наставници
- ✓ Дел од училишниот двор се користи за реализирање на дел од наставата
- ✓ Во училиштето има две спортски сали: мала и голема
- ✓ Училници има во доволен број според капацитетот на училиштето кои се пространи со голем број на прозори и доволно осветлени

**Клучни слаби страни:**

- Некои лектирни изданија не се застапени во доволен број и мал број на електронски изданија
- Збогатување на книжниот фонд во библиотеката
- Училиштето располага со стручна литература од постари изданија, како и со изданија добиени во рамки на проекти
- Библиотеката располага само со CD-a со едукативни содржини на англиски јазик, но не и од изданија од други предмети
- Недостига работна просторија за дефектолог
- Подот во спортската сала е дотраен
- Во некои училници и простории паркетот е во лоша состојба
- Потребна е санација на прозорците во училиштето

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

**Област 5: Комуникациски односи со јавноста**
**Ниво на евалуација: Многу добро**

| Област 5: Комуникации и односи со јавноста | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **5.1 Наставни планови и програми** | **Многу добро** |
| **5.2 Воннаставни активности** | **Многу добро** |
| **5.3 Известување за напредокот на учениците** | **Многу добро** |
| **5.4 Промовирање на постигнувањата** | **Многу добро** |

**Област: „ Комуникации и односи со јавноста “**

**Клучни јаки страни:**

- ✓ Учество на многубројни натпревари каде учениците се докажале, каде освоиле бројни награди на општински, регионални и државни натпревари
- ✓ Е-дневникот им овозможува на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини
- ✓ На крајот на учебната година од учениците од деветто одделение се прогласува ученик на генерацијата
- ✓ Училиштето одржува редовна комуникација со родителите/старателите на учениците преку: Советот на родители, редовните родителски состаноци, отворените родителски средби и индивидуалните разговори на покана од наставникот и самоиницијативно од родителот/старателот

**Клучни слаби страни:**

- Недоволна комуникација со дел од ромската заедница. Дел од родителите на учениците Роми се недостапни за училиштето. Каде што по дадени информации од страна на родител/старател за (контакт телефон, место на живеење и други податоци) по нивна измена не го информират наставникот или стручната служба на училиштето тие остануваат недостапни

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

## Област 6: Училишна клима и култура
## Ниво на евалуација: Многу добро

| **Област 6: Училишна клима и култура** | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **6.1. Училишна клима и односи во училиштето** | **Многу добро** |
| **6.2 Еднаквост и правичност** | **Многу добро** |

| **Област: „ Училишна клима и култура “** |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Училиштето владее со добра клима и е препознатливо по високиот квалитет на работа и постигањата на учениците во различни области, како и остварување на визијата и мисијата на училиштето<br>✓ Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот<br>✓ Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците и наставниците<br>✓ Учениците се секогаш стимулирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествуваат на локални ,државни и меѓународни натпревари и манифестации<br>✓ Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот<br>✓ Педагошката служба редовно ја следи работата на наставниците и нивното залагање кон учениците<br>✓ Помеѓу вработените има добри меѓучовечки односи и владее позитивна клима за меѓусебна соработка<br>✓ Наставниците покажуваат позитивни и мотивирачки ставови кон учењето и работата со учениците<br>✓ Сите наставници имаат дефинирано време за прием на родители<br>✓ Наставниците и учениците отворено разговараат, се прифаќаат, ценат и ја негуваат еднаквоста на секоја |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| |
|---|
| личност без разлика на етничката, верската, националната и друга припадност<br>✓ Наставниците сметаат дека на родителите целосно им се достапни информациите за сите училишни активности |
| **Клучни слаби страни:** |
| - Учениците делумно учествуваат во донесувањето одлуки за атмосферата и работата во училиштето<br>- Наставниците сметаат дека учениците делумно приоѓаат совесно кон училишните обврски<br>Родителите се вклучени во активностите на училиштето, но соработката од нивна страна е делумна, посебно во однос на проблемите со родителите на учениците што покажуваат послабо поведение и послаб успех |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

## Област 7: Соработка со родителите и локалната средина
## Ниво на евалуација: Многу добро

| Област 7: „Соработка со родителите и локалната средина“ | |
|---|---|
| ***Индикатори за квалитет:*** | ***Ниво на евалуација:*** |
| **7.1 Партнерски односи со родителите и локалната и деловната заедница** | **Многу добро** |

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

| Област: „ Соработка со родителите и локалната средина “ |
|---|
| **Клучни јаки страни:** |
| ✓ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно ги применува<br>✓ Средбите со родителите се добро организирани и на нив јасно се пренесуваат информациите за сите случувања во училиштето<br>✓ Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес<br>✓ Средби со родителите на децата кои постигнуваат слаби резултати, одржува и стручната служба и притоа врши советодавна работа, упатувајќи ги родителите на постапки кон решавање на овој проблем<br>✓ Училиштето планира и реализира и едукација на семејствата преку учество во трибини од разни области.<br>✓ Училиштето бара мислење и согласност од родителите кога се во прашање активности кои се финансираат од родителите<br>✓ Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница, локалните стопански организации, фабрики, културни центри и други надворешни правни и физички лица<br>✓ Добра соработка со невладиниот и бизнис секторот |
| **Клучни слаби страни:** |
| - На отворените денови и родителските средби доаѓаат повеќе родителите на учениците што покажуваат |

повисоки постигнувања
- Забележана е неодговорност на мал дел родители во смисла на неодговарања на повикувањата од страна на стручните соработници и наставниот кадар
- Недоволна соработка со родителите на учениците од ромска националност за подобрување на редовноста во наставата, но сепак добра соработка со невладините ромски заедници за подобрување на оваа мерка

ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ШТИП

Датум:

20.08.2021 г.

**Педагошки тим:**

1. Миле Младеновиќ – директор ______________________
2. Катерина Јордановска - родител ______________________
3. Благица Миркова – дефектолог ______________________
4. Славица Колева- одделенски наставник ______________________

5.Габриела Стојанова – социјален работник ______________________